19.02.2021

# ОБЈАВА ЗА ПЕЧАТ

## Новоформиран конзорциум ќе ја води првата европска иницијатива со цел да им се даде глас на граѓаните за подобрување на технологиите за асистирана репродукција (ART) во општеството

Конзорциумот на **„B2-InF – Гласот на граѓаните за подобрување на информациите за Технологиите за асистирана репродукција во општеството“** со задоволство го најавува почетокот на оваа заедничка иницијатива, избрана и финансирана од Европската комисија во рамките на програмата Хоризонт 2020 Наука со и за општеството **(**Horizon 2020 Science with and for society program (SwafS)).

За само неколку години, **10% од населението родено во Европа ќе биде резултат на техники за асистирана репродукција (ART)**, а скоро половина од населението што сака да има деца ќе оди во специјализирани центри за оваа намена. Затоа, техниките за асистирана репродукција (ART) играат **значајна улога во репродуктивното здравје на Европската заедница и се дел од здравствената индустрија што се развива со огромна брзина.** Изненадува фактот што никој не размислува како **младите луѓе ги разбираат, реагираат и стапуваат во комуникација со овие техниките за репродукција.** Во овој контекст, B2-InF ќе бара одговори на две прашања: (1***) Како младите луѓе ги воспpиемаат и размислуваат за ART?*** (2) ***Како можат клиниките за Асистирана репродукција да ги усогласат своите истражувања, услуги и информации со ставовите, грижите и очекувањата на граѓаните?*** Со одговарање на овие прашања, B2-InF има за цел да промовира јавно учество во науката и придобивките од ART на начин тие да станат посоодветни на потребите и грижите на општеството.

Проектот ќе се овива во три фази. Во првата фаза **ќе се собираат податоците за перцепциите и сознанијата за ART кај младата популација** и информациите кои клиниките им ги нудат на своите пациенти. Во втората фаза, овие **податоци ќе се анализираат од социо-културолошки, правен и родов аспект** за да се откријат недоследностите и другите слабости и да се одреди начинот на кој че се подобрат информациите кои ги нудат клиниките. Третата фаза ќе се фокусира на **ширење** на наодите преку **доставување на упатствата во форма на стандардизиран водич**.

This project has received funding from the European Union's Horizon 2020 research and innovation programme under grant agreement No. 872706

B2-InF **предлага интегрирана методологија за истражување која ќе се спроведе во осум европски земји**: Белгија, Швајцарија, Италија, Шпанија и Македонија, Албанија, Словенија и Косово. Проектот е **осмислен на принципот од долу-нагоре, почнувајќи од граѓаните кон научниците и креаткорите на политики,** и ќе даде емпириски податоци за претставувањето на ART кои се прекупотребни во општеството, со што ќе им се овозможи **подобро усогласување на давателите на ART и правната и социо-културолошката околина.**



B2-InF е силна иницијатива која многу ветува во голем дел заради извонредната екпертиза на конзорциумот кој вклучува 10 реномирани партнери од: Шпанија (**Институтот за култура и општество**, **Универзитетот Реј Хуан Карлос**, **АУСТРАЛО**, **АПЛИКА Истражувања и транслација**), Франција (**Национален институт за демографски истражувања**), Чешка Република (**Медистела**), Белгија (**Јајце што оди**, **Универзитетот од Антверп**, **Плодност Европа**) и Македонија (**Хелтгрупер**). Проектот е финансиран од Европската комисија во рамките на Програмата Хоризонт 2020 Истражувања и иновации на Европската унија по договор бр. 872706.

## Контакти

This project has received funding from the European Union's Horizon 2020 research and innovation programme under grant agreement No. 872706